**“ПОЕТСКИ БРАНУВАЊА 2008”.**
По петнаесетти пат се одржаа во салата за промоции на Библиотеката со почеток во **11** часот. Со свои лични творби учество зедоа
**80**
ученици од Основните училишта од градот со по една лична творба поезија. Библиотеката обезбеди награди за најуспешните лични творби и истите им ги врачи директорот на Библиотеката г-дин
**Науме Ѓоргиевски. Прва награда освои Марија Здравеска од ОУ “Даме Груев”, две втори награди за: Марија Станојовска од ОУ “Св. Климент Охридски”и Лина Лумбуровска од ОУ “Гоце Делчев”, три трети награди за: Катерина Ѓорѓиевска од ОУ “Стив Наумов”, Гордана Стојановска од ОУ “Тодор Ангелевски” и Теодора Веловска од ОУ ““Коле Канински.**

Жири комисијата во состав г-дин **Илија Мерковски претседател, г-дин Драги Кабровски член и г-дин Илче Стојановски член**
одлучи да додели три трети награди, две втори и една прва награда и од вкупно осумдесет лични творби издвои
**30**
поуспешни кои ќе бидата објавени во Билтен од литературната манифестација кои ќе го изготви г-дин
**Драги Кабровски**
вработен на културни активности во Библиотеката.


**- Инфо креативен центар**
Во овој дел од промоцијата во холот на Библиотеката пред присутните гости под раководство на г-ќа **Анастасија Милевска** вработена во Библиотеката се претставија младите креативци со свои точки придружувани со музика.